Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Financave**

Друштво за производство, трговија и усл...
СПС ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ увоз - извоз Скоп...
Бр. 03/507
18.12. 2023 год.

Архивски број: 03-13920/1
Датум: 18 -12- 2023

ДОГОВОР
за јавна набавка на стоки -
батерии за УПС

Склучен помеѓу:

1. МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ, со седиште на ул.„Даме Груев", бр.12 - Скопје, претставувано од Dr.Fatmir Besimi, министер за финансии, во натамошниот текст: договорен орган и
2. Друштво за производство, трговија и услуги „СПС ИНЖЕНЕРИНГ" ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со седиште на ул.„Анкарска", бр.33 во Скопје, претставувано од Сашо Алексоски, управител, во понатамошниот текст: носител на набавката.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е испорака и монтажа на батерии за УПС, а по спроведената поедноставена отворена постапка по оглас бр.20325/2023.

Составен дел на договорот се техничките спецификации (Прилог 1) и понудата на носителот на набавката (Прилог 2), прифатена од договорниот орган.

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Вкупната вредност на договорот изнесува 2.997.360,00 денари без вклучен ДДВ.

Вкупната вредност на договорот изнесува 3.536.885,00 денари со вклучен ДДВ.

## III. РАЗЛИКА ВО ЦЕНА (КОРЕКЦИЈА НА ЦЕНИ)

Член 3

Единечните цени и вкупната вредност на договорот се фиксни и непроменливи за целото времетраење на договорот.

## IV. РОК И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 4

Договорниот орган ќе врши плаќање врз основа на испорачана фактура од страна на носителот на набавката во рок до 30 (триесет) денови сметано од денот на приемот на фактурата во писарницата на Министерството за финансии, кон која треба да биде доставена испратница/работен налог потпишан од двете договорни страни.

Кон фактурата носителот на набавката задолжително доставува испратница/работен налог во спротивно фактурата нема да биде платена и ќе биде вратена на докомплетирање кај носителот на набавката.

Фактурата се доставува по пошта или лично во писарницата на Министерството за финансии, на ул.„Даме Груев“ бр.12 во Скопје.

## V. РОК И НАЧИН НА ИСПОРАКА

Член 5

Рокот на достава, испорака и монтажа на батериите изнесува максимум 15 дена од денот на потпишувањето на договорот од двете договорни страни. За извршената достава, испорака и монтажа на опремата двете договорни страни потпишуваат испратница/работен налог.

За извршување на набавката – предмет на договорот, носителот на набавката ги вклучува лицата од стручниот кадар за извршување на набавката - предмет на договорот, согласно со прифатената понуда на носителот на набавката од страна на договорниот орган.

Во исклучителни ситуации носителот на набавката може да изврши замена на лице од техничкиот персонал кој ќе учествува во извршувањето на договорот, со доставување на детално образложение и по добивање на одобрение од договорниот орган, под услов лицето да ги исполнува условите предвидени во потточка 5.3.2 од тендерската документација.

## VI. ПРАВА И ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 6

Носителот на набавката се обврзува дека батериите за УПС што се предмет на овој договор ќе ги предаде фабрички нови, во потполно функционална состојба и според техничките карактеристики дадени во понудата.

Носителот на набавката се обврзува да ја инсталира опремата во просториите на договорниот орган согласно со рокот даден во член 5 на овој договор.

Носителот на набавката се обврзува заедно со батериите да достави и упатство за ракување на македонски јазик.

При извршувањето на договорот носителот на набавката е должен да ги преземе сите обврски кои произлегуваат согласно Законот за безбедност и здравје при работа и сите останати важечки прописи кои се однесуваат за заштита, безбедноста и здравјето при работа на лицата кои се ангажирани за реализација на договорот.

## VII. ГАРАНТЕН ПЕРИОД

### Член 7

Гарантниот период за батериите за УПС е согласно гаранцијата внесена во прифатената понудата на носителот на набавката од страна на договорниот орган и истиот започнува да тече сметано од денот на испораката на истата.

Носителот на набавката се обврзува за време на гарантниот рок да се јави на повик во случај на дефект и да изврши бесплатна проверка (контрола).

Носителот на набавката се обврзува за време на гарантниот период да врши замена на батериите без надоместок.

Носителот на набавката се обврзува за секоја проверка (контрола) и интервенција по повик да издаде работен налог во кој ќе биде наведена видот на интервенцијата, потпишан со полно име и и презиме од лицата задолжени за реализација од двете договорни страни.

### Член 8

Носителот на набавката се обврзува дека во гарантен рок:
- ќе обезбеди други батерии со исти спецификации за замена;
- ќе дава телефонска поддршка во работно време;
- одзивот на повик за дефект нема да биде подолг од 4 часа.

## VIII. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

### Член 9

Договорниот орган се обврзува да определи лица кои ќе бидат задолжени за реализацијата на договорот.

Договорниот орган се обврзува дека батериите ќе ги користи според техничките норми и упатства на производителот.

Договорниот орган се обврзува да му плати на носителот на набавката за испорачананите батерии во рок од член 4 од овој договор.

IX. ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО И НАВРЕМЕНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 10

Носителот на набавката е должен заедно со потпишаниот договор да достави банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот.

Банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде во висина од 5% од вкупната вредност на договорот со пресметан данок на додадена вредност и да е со важност до целосно реализирање на договорот.

Со банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот носителот на набавката безусловно гарантира за целосно, квалитетно и навремено извршување на обврските по овој договор.

Недоставување на банкарската гаранција претставува основ за раскинување на овој договор.

Договорниот орган се обврзува на носителот на набавката да му ја врати банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот во рок од 14 (четиринаесет) дена од денот на целосното реализирање на договорот.

Договорниот орган нема да ја врати банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот и ќе бара нејзино активирање од банката која ја има издадено, доколку предметната набавка не е реализирана според одредбите од договорот.

Во случај носителот на набавката поради непредвидени околности (виша сила или други оправдани причини) да не можел да ја изврши услугата, договорниот орган нема да бара активирање на банкарската гаранција, доколку носителот на набавката достави писмено образложение до договорниот орган во кое ќе ги наведе причините за неизвршената или ненавремено извршената услуга, а образложението биде писмено прифатено од страна на договорниот орган.

X.ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 11

Договорот важи за период од 12 (дванаесет) месеци, сметано од денот на потпишување на двете договорни страни.

Доколку дојде до вредносно исполнување односно се испорачаат сите количини, истиот престанува да важи.

## XI. УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ ИЛИ ПРЕКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 12

Овој договор може да се раскине спогодбено, во согласност на договорните страни.

Член 13

Овој договор може да се раскине и еднострано поради непридржување или неисполнување на договорните обврски утврдени со овој договор.

Договорната страна која поради непридржување или неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање во писмена форма.

Договорот се смета за раскинат со денот на приемот на известувањето за раскинување на договорот.

Доколку дојде до раскинување на договорот поради неисполнување или ненавремено исполнување на обврските на договорот од страна на носителот на набавката, покрај наплатата на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

Член 14

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската од другата договорна страна или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

Член 15

Кога договорната страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна може да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност на договорниот орган.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

## XII. ВИША СИЛА

Член 16

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од овој договор до кое би дошло заради виша сила.

Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови и сл.).

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.

Ако една од договорните страни е спречена да ги исполнува своите обврски заради виша сила, должна е веднаш писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од овој договор мируваат.

Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

По отстранувањето на вишата сила договорот продолжува да се реализира.

## XIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 17

Изменувања и дополнувања на договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување на договорот е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Договорот може да се изменува и дополнува со анекс на договорот потпишан од двете договорените страни во согласност со Законот за јавните набавки.

Член 18

За сé што не е предвидено со овој договор, се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за јавните набавки и од другите позитивни прописи во Република Северна Македонија.

Член 19

Во случај на спор, договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а доколку во тоа не успеат, согласни се спорот да го решава предметно надлежниот суд во Скопје.

Член 20

Обработката на личните податоци при реализацијата на овој договор да биде во согласност со одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

Член 21

Овој договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои 2 (два) примероци за договорниот орган и 2 (два) за носителот на набавката.

| Договорен орган: | Носител на набавката |
|---|---|
| Република Северна Македонија | Друштво за производство, трговија и |
| Министерство за финансии | услуги „СПС ИНЖЕНЕРИНГ“ ДООЕЛ |
| Скопје | увоз-извоз Скопје |
| Dr. Fatmir Besimi | Сашо Алексоски |
| Министер за финансии | Управител |

Изработил: Марија Анѓелеска
Контролирал: Даниела Јанкова
Елизабета Калачоска
Одобрил: Татјана Васева
Проверил: Daut Hajrullahi
м-р Маја Стаменковска Угриновска
Љубомир Јорданов
Согласен: д-р Јелена Таст

Прилог 1 кон договорот за јавна набавка на стоки – батерии за УПС

## ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ

За потребите на Министерството за Финансии на РС Македонија инсталиран е систем за непрекинато напојување за издвоени критични потрошувачи. УПС системот е поделен во три дела односно еден систем е за потрошувачи по спратови за кои се инсталирани сетови од 6 x 60kVA УПС уреди, врзани во паралели, еден сет од 2 x 60kVA е инсталиран за потребите на сервер собата и еден сет од 2 x 40kVA е инсталиран за потребите за мониторинг и обезбедување. Сите УПС уреди се од производителот Riello AROS MST.

Со јавната набавка се предвидува да се набаваат и инсталираат следните ставки, согласно технички спецификации од табела 1.

**ТАБЕЛА 1.**

| Ред. Бр. | Опис на минимални технички карактеристики | Единечна мера | Количина |
|---|---|---|---|
| 1 | Набавка, испорака и монтажа на батерија за УПС уред со следниве карактеристики:<br>- компактна AGM (Absorbent Glass Mat) батерија наменета за УПС уреди, без одржување<br>- номинален напон 12V<br>- минимална тежина 2750 грами<br>- номинален капацитет 8,0Ah @10-h F.V.(1.75V/cell)<br>- внатрешна отпорност ≤15mΩ<br>- максимална струја на празнење 120A (5 секунди)<br>- максимална струја на полнење 2,4A<br>- дизајниран животен век, минимум 12+ години<br>- димензии должина 151±1,5mm, ширина 65±1,5mm, вкупна висина (со терминали) 100±2,0mm | парче | 1.120 |
| 2 | Сетирање на конфигурација на батерии со соодветен софтвер | парче | 10 |
| 3 | Набавка, испорака и монтажа на вентилатор 12Vdc 92x92x25 B50 за полнач на батерии | парче | 10 |
| 4 | Набавка, испорака и монтажа на вентилатор 24Vdc 120x120x38 (B40) (NMB) за напојни модули | парче | 6 |
| 5 | Набавка, испорака и монтажа на вентилатор 24Vdc 120x120x38 (B40) (DLT) | парче | 48 |
| 6 | Набавка, испорака и монтажа на вентилатор 24Vdc 80x80x25 60-100kVA за поможно напојување | парче | 8 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7 | Набавка, испорака и монтажа на канал за вентилатор за полнач на батерии | парче | 8 |
| 8 | Набавка, испорака и монтажа на канал за вентилатор за модули за напојување 60-100kVA | парче | 48 |
| 9 | Тестирање и пуштање во работа | парче | 10 |

Напомена:

Договорниот орган по службен пат ќе изврши безбедносна проверка од надлежен орган во РСМ за лицата кои ќе ја вршат услугата од предметот на набавката дека истите ги исполнуваат условите за непречено извршување на работите во објектите на органите на државните институции врз основа на потврда издадена од МВР за извршената проверка.

Прилог 2 кон договорот за јавна набавка на стоки – батерии за УПС

# ПОНУДА

**Прилог 1 – Образец на понуда**

СПС Инженеринг ДООЕЛ Скопје
Анкарска 33, Карпош, 1000 Скопје
Република Македонија

Врз основа на огласот број 20325/2023 објавен од страна на Министервото за финансии, за набавка на батерии за УПС со спроведување на поедноставена отворена постапка и тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

П О Н У Д А

Дел I – Информации за понудувачот

I.1. Име на понудувачот: **СПС Инженеринг ДООЕЛ, Скопје**

I.2. Контакт информации

- Адреса: **Анкарска 33, Карпош - Скопје**
- Телефон: +389 (0) 2 305 2345
- Факс: /
- Е-пошта: **info@sps.mk**
- Лице за контакт: **Анита Палческа**

I.3. Одговорно лице: **Сашо Алексоски**

I.4. Даночен број: **МК4057014523878**

I.5. Матичен број: **6924719**

Дел II – Техничка понуда

II.1. Понуденото во целост ги исполнува техничките спецификации предвидени во тендерската документација.

II.1. За понудените батерии нудиме гарантен рок во времетраење од **2 години** (најмалку 2 години).

*Гарантниот рок задолжително се пополнува во спротивно понудата ќе се отфрли како неприфатлива.

II.3. Ги прифаќаме начинот и рокот на испорака за набавката утврдени во тендерската документација.

Дел III – Финансиска понуда

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| Опис | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (3x4) |
| Набавка, испорака и монтажа на батерија за УПС уред со следниве карактеристики:<br>- компактна AGM (Absorbent Glass Mat) батерија наменета за УПС уреди, без одржување<br>- номинален напон 12V<br>- минимална тежина 2750 грами<br>- номинален капацитет 8,0Ah @10-h F.V.(1.75V/cell)<br>- внатрешна отпорност ≤15mΩ<br>- максимална струја на празнење 120А (5 секунди)<br>- максимална струја на полнење 2,4А<br>- дизајниран животен век, минимум 12+ години<br>- димензии должина 151±1,5mm, ширина 65±1,5mm, вкупна висина (со терминали) 100±2,0mm | парче | 1120 | 2.040,00 | 2.284.800,00 |
| Сетирање на конфигурација на батерии со соодветен софтвер | парче | 10 | 15.000,00 | 150.000,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Набавка, испорака и монтажа на вентилатор 12Vdc 92x92x25 B50 за полнач на батерии | парче | 10 | 4.500,00 | 45.000,00 |
| Набавка, испорака и монтажа на вентилатор 24Vdc 120x120x38 (B40) (NMB) за напојни модули | парче | 6 | 4.780,00 | 28.680,00 |
| Набавка, испорака и монтажа на вентилатор 24Vdc 120x120x38 (B40) (DLT) | парче | 48 | 4.940,00 | 237.120,00 |
| Набавка, испорака и монтажа на вентилатор 24Vdc 80x80x25 60-100kVA за поможно напојување | парче | 8 | 3.830,00 | 30.640,00 |
| Набавка, испорака и монтажа на канал за вентилатор за полнач на батерии | парче | 8 | 1.150,00 | 9.200,00 |
| Набавка, испорака и монтажа на канал за вентилатор за модули за напојѕување 60-100kVA | парче | 48 | 1.290,00 | 61.920,00 |
| Тестирање и пуштање во работа | парче | 10 | 15.000,00 | 150.000,00 |
| ВКУПНО | | | | **2.997.360,00** |

*Во цената се вклучени сите патни и дневни трошоци за испораката и монтажата на опремата.

III.1. Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: **2.997.360,00** *[со бројки]* (**два милиони деветстотини деведесет и седум илјади триста и шеесет**) *[со букви]* денари.

Вкупниот износ на ДДВ изнесува **539.524,80 денари**.

**Рокот за испорака и монтажа изнесува максимум 15 денови по потпишување на договорот од двете договрони страни.**

III.2. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

Нашата понуда е со важност од 120 дена сметано од датумот утврден како краен рок за поднесување на понуди.

IV.ПРИЛОЗИ

- Образец на понуда (Прилог 1);
- Изјава за сериозност на понудата (Прилог 2);
- Документи за докажување на способност или Изјава за докажување на способноста (Прилог 3);
- Каталози и табела на понудени карактеристики за стоките кои се предмет на набавка.

**НАПОМЕНА: Доколку понудувачот понудата ја поднесува како група понудувачи, со подизведувач, користи способност од друг субјект или има доверливи информации, понудувачот во прилог на понудата ги доставува и другите барани прилози.

Со поднесувањето на оваа понуда, изјавуваме дека во целост ги прифаќаме условите предвидени во огласот и тендерската документација и не го оспоруваме вашето право да ја поништите постапката за доделување на договор за јавна набавка согласно со Законот за јавните набавки.

| Место и датум | Одговорно лице |
| --- | --- |
| **Скопје, 29.11.2023г.** | **Сашо Алексоски** |
| | (потпис*) |

*Образецот на понудата може да биде потпишан и од лице овластено од одговорното лице